**Уп. бр. 08-34/2026**

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија" 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Даимлер Трак АГ, со регистрирано седиште на Фасаненвег 10, 70771 Лајнфелден-Ехтердинген, Германија, доставено преку Филип Зафриовски, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 25.03.2026 година, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Даимлер Трак АГ со регистрирано седиште на Фасаненвег 10, 70771 Лајнфелден-Ехтердинген, Германија, има намера да стекне единствената контрола врз Естар Трак енд Вен Лимитед, со регистрирано седиште на Јунит 3 Алхеми Веј, Алхеми Бизнис Парк, Ноузли, Англија, L33 7AQ, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 06.02.2026 година, а дополнето на 13.02.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на Даимлер Трак АГ, со регистрирано седиште на Фасаненвег 10, 70771 Лајнфелден-Ехтердинген, Германија, со која Даимлер Трак АГ, има намера да стекне единствената контрола врз Естар Трак енд Вен Лимитед (Estar Truck and Van Limited), со регистрирано седиште на Јунит 3 Алхеми Веј, Алхеми Бизнис Парк, Ноузли, Англија, L33 7AQ, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**Даимлер Трак АГ** е дел од Групацијата Даимлер.

Даимлер Трак АГ е активно во бизнисот со камиони и автобуси и е фокусирано на производство и продажба на камиони и автобуси. Палетата на производи на Даимлер Трак АГ за камиони вклучува лесни, средни и тешки камиони за долги растојанија, дистрибуција и транспорт на градилишта, како и специјални возила кои се користат главно во општински примени.

Даимлер Трак АГ не контролира ниту едно зависно друштво во Северна Македонија, а неговите производи ги дистрибуира независниот дистрибутер - трета страна на Групацијата Даимлер во Северна Македонија.

**Естар Трак енд Вен Лимитед**, поседува салони за камиони и комбиња од брендот Мерцедес-Бенц (*Mercedes-Benz*) и Мицубиши Фусо (*Mitsubishi Fuso*) во северозападна Англија и Северен Велс.

Естар Трак енд Вен Лимитед нема зависни друштва, филијали или претставништва лоцирани во Северна Македонија, и нема активности или промет во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.
Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:
Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**